РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

03-1082/2
09.11. 22

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 43 седница одржана на 30.09.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Македонски јазик и книжевност", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола**

1. Се акредитира студиската програма „Македонски јазик и книжевност", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер на настава по македонски јазик и книжевност/во меѓународен промет академски студии назив: Master of Macedonian Language and Literature Teaching.

4. Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки
Научно – истражувачко поле: 604 Наука за јазикот, 612 Наука за книжевноста
Научно – истражувачка област: 64000-Македонистика, 64010-Општа лингвистика 61201-Македонска книжевност 14 век, Македонска книжевност 20 век, 61204-Нова хрватска, српска и словеначка книжевност, 61205-Современи јужнословенски книжевности, 64029-Друго.

5. Број на студенти кои можат да бидат запишани во втора година на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 10 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 14- 1127/9-6 од 27.10.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Македонски јазик и книжевност , втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Педагошки факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08 - 1244/1-3 од 09.11.2021 година (наш бр. 08 - 1087/1 од 15.11.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 26-та седницата одржана на 24.11.2021 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 1087/6 од 31.10.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 43 та седница одржана на 30.09.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова